Даринка ПЕТРЕСКА

# СВЕДОШТВА ОД ПРЕТСТАВНИЦИ НА ВЕЛИКОСРПСКИОТ РЕЖИМ ЗА САМОВОЛИЈАТА И НАСИЛСТВАТА НА СРПСКИТЕ КОНТРАЧЕТИ ВО БРЕГАЛНИЧКАТА ОБЛАСТ ВО 1923-1924 ГОДИНА

Пропагандната активност и четничките дејства на тодоралександровата ВМРО по 1920 година во вардарскиот дел на Македонија предизвикале силна реакција од страна на режимот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Тој ја користел оваа состојба за да може ситуацијата да се прикажува многу потешка, да се зголемуваат мерките на притисок за заплашување на населението. Великосрпските власти преземале разновидни мерки за да го оневозможат преминувањето на споменатите чети преку бугарско-југословенската граница, односно да ги уништат по нивното преминување во овој дел на Македонија. Покрај сестраното и максимално активирање на воените сили во пограничните места, бил зголемен и бројот на специјалните гранични и жандармериски сили. Меѓутоа, во Брегалничката област во есента 1923 година било формирано и посебно режимско здружение на контрачетници познато под името "Здружение против бугарските бандити" на чело со штипскиот трговец Мијалче Каламатија, а со сестрана помош и покровителство на жупанот на Брегалничката област Добрица Матковиќ. Тоа имало за цел да се бори не само против четите на ВМРО "автономистичка", туку и против секоја појава на македонска национално-политичка мисла и дејност[1]. Во сите околии на областа биле формирани управни одбори на "Здружението" и околиски контрачети. Во нив биле собрани поранешни српски четници, истерани од служба српски чиновници, разни комити кои порано се движеле во разбојнички групи, па дури и поранешни комити и војводи кои се одделиле од автономистичката ВМРО на Тодор Александров[2].

---

[1] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том втори, Универзитет "Кирил и Методиј", Скопје, 1981, 17.

[2] За улогата на "Здружението" и за теророт на контрачетите во Брегалничката област поопширно пишува проф. д-р Александар Апостолов во делото: Злетовската област (Географско-историски осврт), Скопје, 1974, 534-556.

Меѓу последните се нашла и една поголема група четници на чело со поранешните војводи Стојан Мишев[3] и Глигор Циклев[4], кои уште во 1921 година се одделиле од тодоралександровата ВМРО и се приклучиле кон новосоздадената Македонска федеративна револуционерна организација во Бугарија[5]. По речиси двегодишно пресметување меѓу "автономистите" и "федералистите", дел од последните биле потиснати од територијата на Бугарија и пиринскиот дел на Македонија. Во април 1923 година тие преминале во вардарскиот дел на Македонија и се ставиле во служба на великосрпскиот режим[6]. Биле распоредени во контрачетите на "Здружението" (по неговото формирање) во Штипско, Кочанско, Кратовско, Малешевско и во други краишта. Стојан Мишев станал еден од главните личности во управата на контрачетите во Штип и ја уживал довербата на Великиот жупан.

Меѓу овие "федералисти", или поточно крајно неодговорни елементи кои повеќе се занимавале со грабежи и разбојништво, уште пред да се предадат на српските власти бил и Илија Пандурски[7] со неколку негови соработници. Управата на "Здружението" го именувала за водач на Околиската контрачета во Малешевско-беровската околија. Наместо да ја извршува должноста за која бил платен од великосрпските власти, т.е. да ги наоѓа и да се бори со четите на тодоралександровата ВМРО, тој со неговите контрачетници продолжил да го ограбува, заплашува и малтретира населението од овој крај.

---

[3] Стојан Мишев бил роден во Штип. Од тодоралександровата ВМРО преминува во Македонската револуционерна федеративна организација. По оружените пресметки меѓу "автономистите" и "федералистите" во Неврокопско, во октомври 1922 година и во Ќустендил во декември истата година, чувствително ослабела позицијата на "федералистите". Една група од нив, меѓу кои се и Ст. Мишев и Гр. Циклев, преминува во април 1923 год. во вардарскиот дел на Македонија и им се предава на српските власти. Ст. Мишев потоа останува во Штип сè до неговото убиство во декември 1924 година. Бил убиен од атентатор на Иван Михаиловата организација. (Иван Михаилов, Спомени III, Освободителна борба 1924-1934, 1967, 150-152).

[4] Глигор Циклев бил роден во Горни Стубол, Злетовско. По преминувањето на страната на српските власти станал војвода на српската контрачета во Злетовско и правел големи злосторства над населението во овој крај.

[5] Правителството на Стамболийски и Македонското освободително движение май 1923, с. 14, 16, 19; Сп. Македонско дело, Виена, год. I, бр. 1 (10.XI 1925); Васил Василев, Правителството на БЗНС, ВМРО и Българо-югославските отношания, София, 1991, 123-127

[6] Архив на Македонија, Скопје, мф. 348 (микрофилмуван материјал од Војно историски институт, ф. Трета армиска област), Команда жандармерије пов. бр. 566 (16.II 1925) - Упут око сузбијања бугарске револуционарне пропаганде у Јужној Србији.

[7] Илија Пандурски бил роден во с. Дебочица, Горноџумајско-пиринскиот дел на Македонија. Од 1922 година се префрлил во Малешевско со десетина "федералисти" за борба со четите на тодоралександровата ВМРО. Меѓутоа, повеќе вршел грабежи, па дури извршил и неколку убиства на луѓе од овој крај. Во 1923 година се предал на српските власти во Берово и по одобрение на Великиот жупан во Штип, бил прифатен во српска служба. Така станал водач на српската контрачета во Малешевско. Бил убиен пролетта 1925 година од четник на михаиловистичката ВМРО во Малешевско.

Самоволието на споменатите контрачети во Брегалничката област во 1923 и почетокот на 1924 година било толку големо што предизвикало остро реагирање и на тогашниот командант-полковник на Вардарската пешадиска бригада во Штип, Михаило Ковачевиќ[8], кој побарал од повисоките воени власти да интервенираат во надминувањето на оваа неподнослива неодговорност. Притоа, укажал дека дотогашните негови интервенции и молби до Великиот жупан за проверка на работата на овие контрачети не биле сериозно сфатени и не било преземено ништо[9].

Ова негово барање наишло на извесно разбирање кај неговите претпоставени, и најверојатно по нивна интервенција Командата на жандармеријата во Областа упатила еден жандармериски капетан по име Василије М. Васиќ да направи увид на теренот и да поднесе извештај за општата ситуација во Беровска, Кочанска и Царевоселска околија[10]. Од тој негов увид произлегол еден опширен извештај за самоволијата и крајно неодговорниот однос на Илија Пандурски и неговите четници во Беровска околија. Според чинот на подносителот и содржината на извештајот, тој бил наменет за Командата на жандармеријата во Брегалничката област, но и за Великиот жупан, бидејќи во самиот извештај споменатиот капетан се повикува и на наредбата на Великиот жупан на Брегалничката област кога решавале со Околискиот поглавар за подобноста и неподобноста на четниците на Илија Пандурски. Притоа, препис од споменатиот извештај бил испратен и до командантот на Вардарската пешадиска бригада Михаило Ковачевиќ, најверојатно затоа што тој инсистирал на овој увид во состојбата. Крајот на страницата, каде што треба да стои потписот на заверувачот на преписот и датата кога е препратен извештајот е искинат, т.е. недостасува половина страница. Меѓутоа, на опачината од последната половина страница е направена интервенција од М. Ковачевиќ дека тоа е во врска со жандармеријата. Недостасува и евентуално пропратно писмо со споменатиот препис. Меѓутоа, слободно можеме да заклучиме дека првото писмо-барање потпишано лично од М. Ковачевиќ од 26.I 1924 година и извештајот од Василије М. Васиќ, жандармериски капетан од 27.III 1924 година имаат меѓусебна врска. Обете се нашле во оставнината на М. Ковачевиќ која се чува во Подрачното одделение на Архивот на Македонија во Штип.

---

8 Михаило Љ. Ковачевиќ е роден во с. Рибница кај Ваљево во 1878. Учествувал во редовите на српската војска во двете балкански и Првата светска војна. Од 1922 година е командант на Пешадиската бригада во Штип. Во 1925 година добива чин бригаден генерал. Бил убиен од една терористичка тројка на михаиловистичката ВМРО на 5 октомври 1927 год. во Штип. (Архив на Македонија, Подрачно одделение во Штип, фонд: Генерал Михаило Ковачевиќ, к. 1, Биографија).

9 Прилог 1, Писмо на М. Ковачевиќ до командантот на Вардарската дивизиска област, 26.I 1924.

10 Прилог II, Извештај на Василије М. Васиќ, жандармериски капетан I-ва класа од 27.III 1924 година.

Сметаме дека тие претставуваат значајни сведоштва од претставници на режимот за вонредно тешката политичко-безбедносна положба во Брегалничката област, во која во средината на 20-те години од овој век на македонскиот народ му била загрозена дури и физичката егзистенција.

Прилог бр.1

ШТАБ
НА ВАРДАРСКАТА ДИВИЗИСКА БРИГАДА
стр. Пов. бр. 7
26.I 1924
во Штип

ДО КОМАНДАНТОТ НА ВАРДАРСКАТА ДИВИЗИСКА ОБЛАСТ
(За Генералштабот)

Од пред неколку месеци во наша служба се примени околу 20 бугарски комити кои им се предале на нашите власти. Повеќето од нив сега би требало да бидат во затворите поради лошите дела и ѕверствата што ги направиле врз српското население. Од овие комити и некои месни луѓе и жандари се формирани летечки чети со кои управува Великиот жупан на Брегалничката област и неговите околиски началници. Овие чети се наоѓаат најмногу на терен и по местата каде што се наоѓаат околиските началници, а понекогаш престојуваат и во самиот Штип. Духовен водач и инструктор е некој Стојан Мишев кој постојано е во Штип и често е кај жупанот и е во тесна врска со новосоздаденото здружение против бугарските бандити.

Колку што ми е мене познато, работата на овие формирани чети во основа треба да биде:

а) да ги откриваат по селата создадените чети и да ги растураат;

б) да ги пронаоѓаат бугарските комитски чети и со нив да се судираат и борат.

Колку се успеало во тоа, се гледа од досега приложените извештаи, а сега да изнесам нешто што сум го дознал за работата на тие чети и комити и за што повремено сум го известувал и Великиот жупан, молејќи го да се заинтересира за тоа и да ја провери нивната работа.

1). Една од овие мали чети отиде во село Пестришино и таму ги фати селаните: Стојан Урда и Блажо Какаревиќ, ги одведе во шумата и таму ги обеси.

2). Во селото Моразда дошле бугарски комити и побарале храна од еден Влав. Овој им дал леб и веднаш отишол во селото Теранце и го пријавил во жандармериската станица доаѓањето и присуството на

бугарските комити. Една од овие чети била упатена таму и кога стигнала го фатила тој Влав и го претепала толку многу, што во прашање е и неговиот живот.

3). Во селото Тработивиште дошла една од овие чети и го зела и одвела со себе некој селанец Ефтим Механџиски и за истиот човек веќе не се знае ништо, не се ни вратил во својата куќа.

4). Во селото Панчарево нашиот учител Васил Нониќ бил повикан од водачот на една од овие чети, која пристигнала таму и поминала со него во друштво до мрак, а потоа учителот се поздравил и заминал кон својот дом. На патот комитите од оваа чета го фатиле и почнале да го врзуваат, а тој почнал да вика и офка, тогаш некои селани побрзале да му помогнат, но овие го убиле и изболе со ножевите и побегнале.

Овој учител бил на Солунскиот фронт, наш борец. Тој има син кој е даночник во Белград.

Интересно е што пред да биде извршено ова злосторство од него била одземена пушката што ја имал.

5). Во селото Крупиште била упатена една од овие мали чети во потера по бугарски комити. Водачот на одделението, некој Нако (еден од оние бугарски комити што ни се предадоа, а кој е осуден на смрт) го одведе одделението таму. Не отиде по трагите на комитите, туку намина во селото Арџулица и влезе во куќата на Ќосе Јусеин и му зеде 25 турски лири, од неговата жена го грабна ѓерданот со златниците. Потоа отиде во куќата на Бечки Исмаил и од него зеде 300 банки, а од третата куќа од некој Влав зеде еден ќилим-сиџаде.

Еден од овие селани ги обвинил и се пожалил за да му ги вратат парите, тие му ги вратиле парите, но така го испретепале, што самиот зборувал “подобро да сум им дал уште толку пари, само така да не ме испретепаа”.

6). Во селото Доброшани некој Турчин купил за својот дуќан една дузина од оние фитили за палење цигари. Еден комита, од една од спомнатите чети, го забележа тоа и истото му се чинело сомнително, па го довел истиот во канцеларијата на здружението и го обвинил дека тој го купил тоа за бугарските комити. Неколку Турци отишле кај властите да го бараат Турчинот и најпосле со помош и интервенција на некој адвокат, го нашле во затворот во Жупанијата.

7). Некој Ибраим Емим од село Руљак бил затворен во Жупанијата поради некоја вина, но потоа бил пуштен на слобода. Подоцна тој дојде во Штип кај некој Грба Самарџија по работа, тука го фати комитата Нако со уште еден комита, го изведе надвор од градот и за него ништо веќе на се знае.

8). Една од спомнатите чети го извела од село Истевник некој Серафим Поповиќ, го одвела со себе и за овој селанец веќе ништо не се знае.

Верувам дека вакви случаи има уште многу, бидејќи сум чул дека во село Зрновци и во Св. Николе многу луѓе се претепани скоро до смрт, но од страв да не го загубат животот, да не им биде истепана челадта и да не им бидат запалени куќите, не се жалат.

Затворите се преполни.

Секакви насилства, светот е заплашен и нема слобода на движење. Бајонети и жандари на сите страни, така што ни најмалку не изгледа дека ние сме ги ослободиле овие краишта и овој свет.

На мислење сум дека би требало или да се прогласи вонредна состојба, ако за тоа има основа, па потоа да се работи што треба да се работи или да се држиме до Уставот и законите за да ги ужива овој свет тие уставни права, во спротивно, како што сум известен, ќе доживееме побуна во овие краеви.

Командант-Полковник:<br>Мих. Љ. Ковачевиќ

Прилог бр.2

Василије М. Васиќ<br>Жандарм. капетан I-кл.<br>- - - - - - - - - - - - -<br>27 март 1924 год.<br>Берово

Покрај останатите работи кои ме доведоа во Берово, имав намера да се запознаам со досегашната работа на крстосувачкото одделение на Илија Пандурски, како и да му дадам извесни упатства за понатамошна работа. За таа цел, бидејќи ја завршив останатата работа, го повикав ова одделение овде. Во последните денови ова одделение го водеше тукашниот водник п. поручник г. Алекса Божиновиќ, кој на мојот повик самиот го доведе во Берово.

Во таа прилика п. поручник г. Божиновиќ ми го поднесе следниот извештај:

По наредба на командирот на Кочанската жандарм. чета на 19 ов. месец отидов да го побарам крстосувачкото одделение (на четници) за да го примам командувањето над истото, бидејќи поручникот г. Милан Пешут беше болен. Истиот ден одделението го најдов во село Ратево. Имав намера од селото Ратево со одделението да одам кон селото Двориште каде што мислев да поставам заседи на некои места кон грани-

цата, бидејќи на тој дел на границата на 20 овој месец двапати бугарски чети се обидувале да преминат на наша територија и истовремено да видам колку бил точен извештајот на граничарите кои известија за овој обид за преминување. За ова го известив и застапникот на Илија Пандурски, Ристо Јовановиќ-четник. Кога тргнавме со тоа, беше согласен и Ристо. Но кога бевме на пат кон селото Двориште на местото наречено “Сливница”, овој Ристо не сакаше да оди понатаму каде што имав намера да одам, туку ми рече дека тој има извештај за неколку комити кои се кријат во русинските колиби кај местото наречено Губенек, а тоа се наоѓало во спротивен правец од оној каде што мислев да одам, со што Ристо беше согласен кога тргнавме. Овој Ристо не само што инсистираше самиот, туку и сите четници беа против тоа да се оди кон границата. Не видов дека доаѓале во контакт со било кого на патот од селото Ратево до тука, и ми беше чудно од каде и од кого дознале за овие комити во русинските колиби, за кои дотогаш ни збор не ми рекоа. Видов дека овие луѓе не сакаат да одат со мене, а бев немоќен да ги натерам на послушност, бидејќи скоро сите без исклучок изјавија дека тие понатаму нема да одат кон границата, и покрај тоа што до границата има уште цели четири часа, каде јас впрочем не мислев да ги водам, туку подалеку од границата, поради заседи. Бев принуден да одам таму каде што тие сакаат, а тоа го сторив уште и затоа што можеше да се случи навистина да наидат на комити и во случај на неуспех, би можело целата вина да ми се препише мене, зашто не сум отишол со нив.

Јас не го познавав добро теренот за да знам каде ме водат, но знам дека од 20-ти овој месец сме поминале многу простор, но без никаков позитивен успех. Иако секој ден зборуваа и ме известуваа дека таму и таму се наоѓаат комити, сепак кога ги побаравме не ги наоѓавме. Но и да имало бугарски чети, ние никогаш не би ги нашле, освен во случај тие нас да нè зачекаат во заседа. Не само што не најдовме комити никаде, туку скоро ни еден тукашен човек не затековме во нивните колиби, сè бегаше пред ова одделение. Причина за тоа е следното:

1. Луѓето од ова одделение се толку распуштени што тоа повеќе претставува една разбојничка банда отколку една организирана единица којашто има општа, а и за државата корисна задача. Никаков ред не може да се постигне со овие луѓе. Сите мои наредби да одат без врева и викање остануваат залудни. Не може да се заведе никаков ред во текот на маршот, одат без каков било план и кој каде сака. Не можев да ги натерам на какво било обезбедување и претпазливост. Морав да поверувам дека со ваквото однесување на овие луѓе тие не сакаат судир со комити и намерно креваат врева и вик за да можат комитите да ги почувствуваат и навреме да се извлечат. Едно ме чуди, бугарските комити можат да уништат едно вакво одделение кога сакаат, па зошто тоа не го прават?

Дали ги спречува стравот и кукавичлукот да го сторат тоа, или можеби е во нивен интерес да го поштедат ова одделение. Има многу повеќе причини да се верува во ова последното.

2. Еден ден малку подалеку од мене слушам истрели од пушка, токму кога одевме кон местото за кое ме известија дека таму има бугарски комити, и потрчав кон тоа место да видам што е. Видов што е: неколку од нив пукале на свињи и на еден човек му убиле две прасиња. Истиот ден кога не наидовме на комити, ме известија дека комитите се кријат на друго место и веднаш тргнавме таму. Но како и обично, и таму немаше комити. Подоцна дознав дека тие не биле известени за никакви комити, туку имале намера од пчеларникот на некој селанец да го соберат медот, а тоа го сториле, бидејќи од истиот и мене ме понудија. Храна барале од месните луѓе, но не ја плаќале. Наклонети се кон крадење, па макар тоа да се и незначајни работи и во која куќа да влезат тешко да излезат, а домаќинот да не закука за нешто. Сите мои настојувања да не се прави тоа беа залудни, а моите закани ги игнорираа. Обично говореа дека тие така работат, а на кој не му се допаѓа тоа, не мора да оди со нив. Сами се делат на групички наоѓајќи изговори за тоа, а после се уверив дека се делат само затоа скришно од мене да заколат некој овен, да го испечат и да ги наполнат своите торби со печено.

3. Спрема месните жители се многу сурови, секој од нив смета дека има неограничено право над населението, него го тепаат и малтретираат честопати само затоа да покажат дека над нив друга власт не постои. Го пцујат и навредуваат, дури и при најобично општење со нив се лоши и арогантни. Тоа е причина, со појавувањето на ова одделение населението да се фрла во панично бегство, па честопати во цело село не може да се најде ни жива душа. Не сум имал случај да видам некој мештанин да му пријде сам на ова одделение, туку секој се тргнува за да не се сретне со него. Не сум наишол ни на тоа некој мештанин да дошол и јавил за движење и престој на комити, а верувам дека ова одделение воопшто нема свои верни и приврзани луѓе кои би му давале информации за комитите.

Го примив овој извештај од п. поручникот Алекса Божиновиќ, потоа наредив на 26 овој месец целото одделение да се собере, за да видам од какви елементи е составено ова одделение и да го преземам она што е потребно. Ова одделение има 33 луѓе од кои 4 од Бугарија, 25 од Беровска околија и 4 од северна Србија. Ги има од различни возрасти. Во овој одред нив не ги довеле некои високи идеали; туку обратно - платата и надежите за пљачка. Не правам ни еден исклучок. Некои од нив изјавија дека во овој одред дошле за да вршат лична одмазда. Овие последните изгледа мислат дека како такви ѝ се потребни на државата и дека таа ќе ги земе во заштита ако тие, некој, со кој имале каков било личен спор, го тепаат,

мачат дури и да го убијат. Од негде им е влезено во главата дека тие ѝ се од голема корист на државата и веруваат дека без нив не се може. Ваквото нивно убедување им дава право да мислат дека е добро само тоа што го работат тие и затоа не трпат никакви совети и упатства од друга страна, па дури ако тоа доаѓа од оние за кои знаат дека одговараат за нивната работа. Тоа го забележав сам во контактите со нив, независно од тоа што за истото ме уверуваа со конкретни докази и одделни жандари, селани па и самите чиновници.

Поради сето тоа ги повикав луѓето од ова одделение и им ја изнесов штетата од таквата нивна работа и им издадов наредба дека не смеат повеќе да пљачкаат, храната да си ја плаќаат, населението да не го малтретираат, безусловно да се покоруваат на наредбите на офицерите што ги водат и воопшто да не го прават она што е штетно за интересите на службата. Им реков дека мораат да се придржуваат на сите мои наредби, а на кој не му се допаѓа понатаму да служи под овие услови, може веднаш да биде слободен и откако ќе го предаде оружјето, да си оди дома. Им дадов време за тоа да размислат и својата одлука да ја соопштат по два часа.

Кога им го соопштив тоа беше присутен и поглаварот на Беровска околија.

Потоа, а според наредбата на Великиот жупан на Брегалничката област, околискиот поглавар, долу потпишаниот и Илија Пандурски решаваат кои четници се неподобни и неспособни, да се предложат за отпуштање. Кога строго би се проценила службената вредност на секој поединец, тешко би се нашол некој кој заслужува да остане во крстосувачкото одделение, сепак предложен е минимален број за отпуштање и тоа оние кои досега не само што не дале никаква корист, туку кои ни по своите морални квалитети не заслужувале и понатаму да останат во одделението. Тоа решение е донесено врз основа на дадените податоци од Илија Пандурски. Беа предложени шест души за отпуштање, меѓу кои беше и Јеремије Станковиќ, бивш полициски писар. Од повеќе причини беше решено на предложените за отпуштање да не им се соопштува тоа, сè додека од надлежните фактори не се донесе конечно решение за нивното отпуштање.

По сè изгледа Илија Пандурски не ја зачувал тајната, туку на спомнатиот Јеремије му јавил дека е предложен за отпуштање. На овој Јеремије не му одело во прилог да биде отпуштен, секако поради тоа што некои работи што се во негов личен интерес можел да ги сврши само како четник на ова одделение и заради тоа, користејќи се со својата интелектуална надмоќ над останатите четници во одделението, ги наговорил, по говорот и наредбата во погореспоменатата смисла, сите да го положат оружјето и ниту еден повеќе да не остане во одделението. Кога

го постигнал тоа, (а изгледа дека до тоа дошол лесно, бидејќи и самите четници, скоро сите веќе биле незадоволни со она што им го соопштив и верувале дека без нив не се може), Јеремије дошол сам кај околискиот поглавар и му ја соопштил оваа одлука на четниците. Откако бев известен за тоа, веднаш наредив сите четници да се повикаат и кога се собраа, почнав поединечно да ги повикувам кај себе, и ги прашав дали сакаат и понатаму да останат во одделението или не. Првиот кого го повикав беше Ристо Јовановиќ, шура на Илија Пандурски и тој изјави дека не сака понатаму да остане во одделението. Му наредив веднаш да го предаде оружјето и веднаш ќе биде слободен. Тој ми одговори "Ти не ми го даде оружјето, па тебе нема ни да ти го дадам". Веднаш им наредив на жандарите, кои веќе беа подготвени да ги опколат четниците, и тогаш овој Ристо без повторен повик го предаде оружјето. Од останатите уште 6 го предадоа оружјето и другите изјавија дека остануваат и понатаму во одделението под условите кои порано им беа поставени од моја страна.

Од излагањето се гледа дека ова одделение претставувало една вооружена група која мислела и живеела во убедување дека сè и е дозволено, незадолжена со било каква работа, во која секој поединец го задржувал за себе правото да суди за задачите на ова одделение и да работи како што знае. Причината за ова е:

1. - Илија Пандурски нема никаква подобност, ниту каков било авторитет да ги држи луѓето во ред и да заведе потребна дисциплина. Покрај тоа, Пандурски држи во одделението некој свој чичко за кој сум чул, од повеќе страни, па и од околискиот поглавар, дека е многу расипан човек и дека како четник многу пати вршел незаконски дела. Истиот има еден шура, Ристо Јовановиќ, кој му е заменик и самиот го водел одделението додека Пандурски бил болен. Каков е овој Ристо и колку заслужува да биде водач на одделението, се гледа од погоре наведениот извештај на п. поручникот г. Божиновиќ, а јас го наведувам уште и следното:

На 18 овој месец, кога жандарот го водел крстосувачкото одделение истото наишло на комити, а четничкото крстосувачко одделение што го предводел спомнатиот Ристо не презело скоро ништо да им се влезе во трагата на појавените комити. Четничкото одделение истиот ден се вратило во селото Русиново, тука преноќило и цел ден на 19 овој месец преседело таму. Истиот ден т.е. на 19 овој месец околу 18 часот кметот на селото го известил Ристо дека во тој момент дошла една жена и му соопштила дека тројца комити се наоѓаат на истото место каде што претходниот ден била водена со нив борба, дека таму дошле и дека таму останале. Ристо рекол "добро" и потоа наместо да оди таму и да ги пронајде овие комити, отишол во селото Ратево, каде што другиот ден повторно бил известен од кметот во Ратово дека и некој селанец ги видел

спомнатите комити. Но, Ристо не се помрднал од селото, сè додека потпоручникот Божиновиќ не го примил ова одделение, ноќта на 20 и 21 март. Дури кога потпоручник г. Божиновиќ на 21 овој месец со одделението отишол во правецот на селото Двориште, каде што требало да држи заседи бидејќи граничарите почнале да известуваат дека комитите се обидуваат во поголеми маси да преминуваат од Бугарија на наша територија, овој Ристо го одбил тоа и барал да се оди таму за каде уште пред два дена добил извештај дека се наоѓаат комити. Сметам дека ова е доволен доказ дека овие луѓе не сакаат да водат борба со комитските чети, иако тоа им е прва должност. Пандурски сметал дека овој му е најдобар и најдоверлив четник, па го прогласил уште и за свој заменик. Јеремије Станковиќ, бивш полициски писар за кој стануваше збор погоре, е венчан кум на Илија Пандурски, бил примен уште минатата година за четник, и покрај тоа што тој е еден целосен морален отпадник. Интелектуално посилен од Пандурски, таков каков што е, тој го потчинил целосно, така што Пандурски е немоќен да му се спротивстави на неговото влијание и готов е да го изврши сето она, на што го упатува Јеремије. Тука народот е страшно заплашен за да се осмели што и да е да каже против овие луѓе, но лесно може да се претпостави дека еден морално паднат човек, каков што е истераниот од служба Јеремије, не е во состојба да направи ништо убаво во својата речиси неограничена власт. Кој знае што сè ќе се изнесе еден ден против ова крстосувачко одделение, кога ќе дојде тоа среќно време и за државата и за овој народ кога ќе се укине истото. Најпосле, Пандурски не заслужува да биде водач и старешина на поголем број луѓе уште и поради тоа, што кога реков дека одделението досега не покажало таков успех каков што се очекувало од него и кога го упатував на поагилна работа, им забранив на четниците да го тепаат и малтретираат народот, дека не смеат да пљачкаат и треба безусловно да се покоруваат во сè на наредбите на своите старешини и да ги извршуваат нивните наредби. Сето тоа беше во интерес на угледот на самиот Пандурски. Тој привидно го одобри тоа, а после самиот влијаеше на своите луѓе под такви услови да не останат во одделението, туку и понатаму да остане сè по старо. Од сето ова произлегува дека и самиот Пандурски не е склон неговата работа во толкава мера да се контролира и јас не знам што може да биде причина за тоа да не сака неговите луѓе да бидат дисциплинирани, чесни и честити. Најпосле, тој е многу дрзок кога се осмелува на вакви работи, заборавајќи дека пред да ни се предаде нам и да добие една незаслужена улога, бил обичен пљачкаш и друмски разбојник. Кон него и премногу се покажувал такт од страна на нашите власти, што можело да биде на штета на нашиот државен углед кај овој народ, па кога тој го игнорира сето тоа, тогаш не е исклучено да има некакви повисоки

амбиции кои еден ден ако не можат да му се задоволат, можеме повторно да го имаме в шума, бидејќи со пофалбите и почестите кои му се укажувани е многу дигнат во висина, за да може еден ден да живее скромен живот како еден чесен граѓанин работник. Илија Пандурски изгледа не е способен да ги чува официјалните и службените тајни, а со таков човек тешко ќе може сериозно да се работи. Примерот само со предлогот за отпуштањето на Јеремије Станковиќ. Зарем овој Јеремије не е способен во еден погоден момент, сета работа на ова одделение да ја изнесе јавно, од што нема да се користат само противниците на режимот, туку тоа одвај би го дочекал и Македонскиот комитет.

Подложен на влијанија од своите четници, со многу од нив врзан со роднински врски и со пријателство, должен на многу од нив за услугите што му ги правеле додека бил самиот во шумата, лично давајќи им пример на своите луѓе за лична освета, несмасен во работата и невешт што го покажува и реткото среќавање со комитите, иако во Малеш ги има секогаш и ако се сретнел со нив, судирот завршувал моментално без успех и со наши загуби, неспособен да заведе ред и дисциплина меѓу своите луѓе, а сето тоа резултира со пљачкање, неплаќање храна и малтретирање на народот без причина, не успеа да организира никаква известителна служба, станал страв и трепет за овој народ, а со својата работа создал и голем број одметници покрај поранешните, а скоро никој не фатил или да го принудил да се предаде, па сето тоа е доволна причина дека тој во никој случај во оваа околија не треба да се враќа во каква било улога. По мое мислење, тој треба да се задржи во Штипска околија и со три до четири четници да се придружи на водот на жандармериското крстосувачко одделение и таму уште би можел да се употреби за посебни специјални задачи во службата.

На крајот морам да нагласам дека толкаво самоволие на Пандурски со неговите луѓе не би било можно доколку офицерите, кои досега биле водачи на ова одделение, биле на свое место. Судејќи по сѐ, тие ништо не направиле и не работеле на тоа да ги дисциплинираат и доведат во ред овие луѓе, да ги упатуваат на правилна работа и на добро однесување, да ги потчинат насила со помош на својата положба и да ги натераат на послушност. Тие оделе со ова одделение во кое не сакале ни да мислат за својот авторитет, ниту пак за својата улога, туку само оделе со ова одделение без каков било интерес, чекајќи да им поминат трите месеци па да се вратат во својата команда.

Го нагласувам уште и тоа дека овој извештај го поднесувам потпирајќи се најмногу на своите лични согледувања, и покрај тоа што има уште многу што да се каже за ова одделение со оглед на изјавите на воените и граѓанските власти во Берово, како и од сето она што се зборува

меѓу граѓаните. Сметам дека не би било опортуно да се води истрага против работата на ова одделение, па затоа не го изнесувам сето она што сум го чул од другите што зборуваат за него.

На 28 овој месец одделението го прима поручник г. Милан Орешковиќ, во кое од 1-ви април останува со 18 четници, бидејќи 6 од нив сами го предадоа оружјето, а 4 се предложени за отпуштање. Пандурски со уште тројца четници кои ги одведе со себе не влегле во овој број четници што остануваат со одделението.

Ристо Јовановиќ, четник за кој стана збор во овој извештај, ме молеше сето тоа што го направил да му се прости и повторно да биде примен во одделението, а тоа го направив и по барањето изложено од поглаварот на Беровска околија. Му наредив на поручникот Орешковиќ да обрне внимание на неговото понатамошно држење.

За да ги доведе во ред овие четници и меѓу нив да заведе дисциплина, на поручникот г. Орешковиќ му доделив и жандари од крстосувачкото одделение на водот, така што може својата волја да им ја наметне, ако треба и сосила на овие распојасани луѓе. Му издадов и потребни инструкции за работа.

Што се однесува на општата ситуација на територијата на Беровска околија, а исто и за Кочанската и Цар. Селската, дополнително ќе поднесам извештај.

Чест ми е да го доставам горното на увид и надлежност.

Жандармериски капетан
I кл.
Василије М. Васиќ с.р.